Универзитет „Свети Кирил и Методиј“
# М А Ш И Н С К И   Ф А К У Л Т Е Т – Скопје

## AIRBUS КОРИСТИ СОФТВЕР ИЗРАБОТЕН ОД МФС

Големиот гигант во авио-индустријата **AIRBUS** од неодамна користи софтвер изработен од Машинскиот факултет - Скопје. Се работи за пакет од 20 компјутерски програми од областа на ладење, греење и пресметки на термодинамички величини и циклуси. Автор на софтверот е проф. д-р Ристо Цицонков кој што непрекинато го презентира почнувајќи од 1994 година на Меѓународниот саем за ладење и климатизација во Нирнберг - Германија.

## КИНЕСКА ДЕЛЕГАЦИЈА НА МФ

Во периодот од 23.01.2008 до 03.02.2008 на Машинскиот факултет-Скопје престојува кинеска делегација составена од 4 чена од Шандонг Универзитетот од Народна Република Кина. Целта на нивната посета е размена на постигнатите резултати од билатералниот македонско - кинески научно-истражувачки проект во кој што учествува и нашиот факултет.

## ПРОМОЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЕУРЕКА НА ЕУ

Министерството за образование и наука на РМ го промовираше вклучувањето на Република Македонија во групата на трети земји кои ќе можат да учествуваат во програмата ЕУРЕКА на ЕУ. (www.eureka.be)

## КОНКУРС НАГРАДА “ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ”

Одборот за доделување на награди распиша конкурс за доделување на наградата “Гоце Делчев” во 2008 година за оддавање на општествено признание за особено значајни остварувања во сите области на науката, објавени во 2007 година, од интерес на Република Македонија.
Предлозите треба да се поднесат до 15.02.2008.

## ASO КОНКУРСИ ЗА СТУДИСКИ ПРЕСТОИ

АСО Австриската организација за наука и истражување на почетокот на 2008 година распиша конкурси за студиски престои, кои ќе можат да ги реализираат докторанти и докторирани научници не постари од 35 години, на научни институции во Австрија.

Подетални информации на www.aso.zsi.at/bul/stipbg.html .

## ЦЕНТАР ЗА ЈАЗИЦИ И ОБУКА

На Универзитетот Св.Кирил и Методиј се отвори Центар за јазици и обука при УКИМ каде во иднина ќе се одржуваат сертифицирани испити согласно програмата на Универзитетот во Мичиген. Центарот ќе доделува уверенија за компетентност во областа на англиски јазик.

## ИНФОРМАЦИЈА ОД БИБЛИОТЕКА

Во текот на Јануари, библиотеката беше збогатена со неколку нови наслови:

1. *An Introduction to Celestial Mechanics*, Forest Ray Moulton
2. *Translation of Mathematical Monograph, Volume 201*, Shigeyuki Morita
3. *Relativity Demystifieds*, McMahon David
4. *Relativity in Curved Spacetime*, Eric Baird
5. *Applied Differential Geometry*, William L. Burke
6. *Graduate Texts in Mathematics: Differential Geometry, R. W. Sharpe*
7. *Schaum's Outlins Tensor Calculus, David Kay*
8. *Applied Probability Models with Optimization Applications, Sheldon M. Ross*
9. *Gödel, Escher, Bach: an Eternal Golden Braid, Douglas R. Hofstadter*
10. *Prime Obsesion, John Derbyshire*
11. *Riemann's Zeta Function, H. M. Edwards*
12. *Unsolved Problems in Number Theory*, Richard K. Guy
13. *1001 Problems in Classical Number Theory*, J. De Koninck, A. Merciel

## О Т С У С Т В А

Службени патувања во странство заради студиски престои, учество на семинари, симпозиуми и за други службени цели во текот на месец јануари 2008 год. оствариja:

1. Проф. д-р Радмил Поленаковиќ во Р. Грција, со цел учество на работен состанок со колегите од СИТИ Колеџот во Солун во врска со организациските аспекти за реализација на Меѓународна конференција.
2. Доц. д-р Дарко Данев во Р. Словенија, посета на Заводот за градежиштво во Љубљана заради воспоставување систем на меѓулабораториска споредба.
3. Проф. д-р Татјана Кандикјан во Германија, со цел учество на повеќе работни состаноци во Ахен, Бурштај и Падерборн во врска со реализацијата на Темпус проект.
4. Вон. проф. д-р Софија Сидоренко во Германија, со цел учество на работен состанок во Ахен, во врска со реализацијата на Темпус проект.
5. Проф. д-р Валентина Гечевска во Р. Грција, со цел учество на работен состанок на Аристотел Универзитетот во Солун во врска со понатамошни проектни активности.
6. Проф. д-р Делчо Јованоски во Германија, учество на работни состаноци во врска со реализацијата на Темпус проект.

## П Р О М О Ц И Ј А

Промоцијата на дипломирани студенти ќе се одржи на ден 15.02.2008 во 12 часот во амфитеатарот на МФС.



Нормално, присуството на наставниот кадар и другите вработени е повеќе од пожелно!

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**28.02.2008**
**37 СЕДНИЦА НА ННС**

**СЕДНИЦА НА УПРАВА ВО ВТОРНИЦИТЕ ПРЕД ННС ПО ПОТРЕБА**

**Техничко уредување:**

*Жарко Васиљевиќ, дипл. ел. инж.*
*Борис Рошков, дипл. ел. инж.*

**Година 2008, јануари, број 67**

# Ф А К У Л Т Е Т С К И
# И Н Ф О Р М А Т О Р

## АКТИВНОСТИ

Иако се наоѓаме во периодот на зимската пауза, бројни активности се пред нас.

Интензивно се одвива реализацијата на последните проверки на знаењата на студентите и на планираните активности во XVI, XVII и XVIII недела од зимскиот семестар по новите студиски програми.

Во тек се подготовки за промоцијата на дипломираните студенти како и подготовки за претстојниот летен семестар.

Водичите за студирање за летниот семестар се поставени на факултетската web страница.